**ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ - 123/2010 за вработување на државни службеници во Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**

Врз основа на член 14 став 1 и 2 од Законот за државните службеници (“Службен весник на Република Македонија” бр.59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001, 43/2002, 98/2002, 17/2003, 40/2003, 85/2003, 17/2004, 81/2005, 61/2006, 36/2007, 161/2008, 6/2009, 114/2009 и 35/2010). и Правилникот за начинот на селектирање и вработување на државните службеници и за формата и содржината на пријавата за интерен оглас за вработување на државен службеник (“Службен весник на Република Македонија” бр. 142/2009, 145/2009 и 60/2010)

**АГЕНЦИЈАТА ЗА ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ**

објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ – 123/2010**

за вработување на 1 државен службеник во Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за следното работно место:

1. **Виш соработник за извршување на контрола** (1)**извршител(и);**
   - Висока стручна спрема (VII/1) или 240 ЕКТС - Биотехнички науки, Технологија на прехранбени производи и природно-математички науки
   - активно познавање на англиски јазик, познавање на работа со компјутери, ефективна орална и писмена комуникација, чесност, лојалност кон професијата и способност за тимска работа
   - најмалку 2 (две) години работно искуство во струката

Покрај доказите за исполнување на посебните услови предвидени во Правилникот за систематизација на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој кандидатите треба да ги исполнуват и општите услови за прием на државни службеници, предвидени во член 13 став 2 од Законот за државни службеници.

Заинтересираните кандидати се должни да достават ПРИЈАВА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ДРЖАВЕН СЛУЖБЕНИК (образец објавен во “Службен весник на Република Македонија” број 142/2009) преку писарница на адреса Агенција за државни службеници Ул. Јуриј Гагарин бр. 15 До Комисија за полагање на испит за државен службеник (со назнака за оглас број 119/2010 ) или пријавата да ја пополнат и достават електронски, преку интернет страницата на Агенцијата за државни службеници http://prijava.ads.gov.mk.

Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци. Пријавите доставени преку пошта, треба да бидат примени во

писарницата на Агенцијата најдоцна до денот на завршување на рокот за пријавување на јавниот оглас.

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 ден(а), сметано од денот на објавувањето на огласот (не сметајќи го денот на самото објавување). Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето. Кандидатите кои се уредно пријавени на јавниот оглас, се известуваат за времето и местото на одржување на испитот за државен службеник и за достапноста на материјалите за подготовка на кадидатите за полагање на испитот. После полагањето на испитот за државен службеник со петте најуспешни кандидати за секое работно место, односно извршител, се спроведува интервју во рок од пет дена по полагањето на испитот во органот за чии потреби е објавен јавниот оглас.